# СООПШТЕНИЕ

Напишано од Administrator
Четврток, 04 Август 2011 08:31 -

НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, во склоп на едицијата „Значајни личности за Битола“, финансирана од Министерството за култура, оваа година ќе го издаде IV том „Значајни личности за Битола – образование и наука“. Во контекст на ова ги молиме сите заинтересирани научни работници да достават CV до НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола.
Потребните критериуми за застапеност на авторите од образованието и науката се:

- да се родени во Битола и Битолско,
- да живееле, живеат и творат во овој град и
- да имаат објавено најмалку 5 трудови (монографски публикации) од соодветните научни области.

CV- то и објавените трудови да се доставаат во рок од 15 дена од објавувањето на соопштението во медиумите до НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола со назнака за застапеност во книгата „Значајни личности за Битола – образование и наука“.